Република Северна Македонија
Јавна детска градинка СРНИЧКА
на општина Аеродром
Бр. 02-717
17.12. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 143 ст.17 од (Сл. весник на РМ бр.23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018) и Службен весник на РСМ бр.104/2019; 146/2019; 275/2019; 311/2020 294/2021 и 17/2025), член 39 од Статутот на ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје (бр.03-63/2 од 23.01.2014 година – пречистен текст), Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на работници во ЈДГОА СРНИЧКА - Скопје на неопределено време (бр.19-4966/2 од 13.05.2025 година), како и врз основа на Ранг – листата од најуспешни кандидати по јавен оглас бр.04/2025 (бр.03-712/1 од 16.12.2025 година) и Предлогот за избор на кандидати од Комисијата за селекција (бр.03-714 од 16.12.2025 година) за вработување на работници на неопределено време, ВД Директорот на ден 17.12.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидати за вработување на неопределено време во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје за следните работни места:

1. За работно место воспитувач – приправник – 1извршител во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје на неопределено време се избира кандидатот:

   **Весна Крстевска**

2. За работно место негувател – 3 извршители во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје на неопределено време се избираат кандидатите:

   **Маја Стаменковиќ**
   **Мартина Живковиќ**
   **Руска Неделковска**

3. За работно место неговател – приправник – 1 извршител во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје, **не се изврши избор, бидејќи нема пријавено ниеден кандидат**

4. За работно место хаусмајстор – 1 извршител во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје на неопределено време се избира кандидатот:

   **Кристијан Паноски**

5. За работно место магационер – 1 извршител во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје, **не се изврши избор, бидејќи нема пријавено ниеден кандидат**

6. Со избраните кандидати од точки 1,2 и 4 на оваа Одлука ќе се склучи договор за вработување на неопределено време по правосилноста на Одлуката;
7. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се приемнува по правосилноста.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на добиената согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии за вработување на работници во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје и потребата на Градинката, ВД Директорот на Градинката донесе Одлука за прием на работници на следните за следните работни места: воспитувач – приправник 1 извршител, неговател – 3 извршители, неговател - приправник – 1 извршител, хаусмајстор – 1 извршители и магационер – 1 извршител и Одлука за формирање Комисија за селекција на работници која ја спроведе постапката по јавниот оглас бр.04/2025 кој беше објавен во дневните весници Слободен Печат и Коха на ден 02.12.2025 година.

По спроведувањето на целокупната постапка по огласот, Комисијата, достави до ВД Директорот ранг – листа од најуспешни кандидати и Предлог за избор на кандидати за работните места од јавниот оглас.

Врз основа на ранг – листата и предлогот од Комисијата, ВД Директорот донесе Одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истата

**Доставено до:** Кандидатите
Архива

**Изготвил:** Јанко Ралев – секретар

**ЈДГОА СРНИЧКА – СКОПЈЕ**
**ВД ДИРЕКТОР**
м-р Атинула Ничова